АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-02-2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 991 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво СТРЕЕТ ФМ ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 јануари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 12 од Законот за медиуми** (Импресум)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 30.11.2015 година, за непочитување на член 12 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-1180, 30.11.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво СТРЕЕТ ФМ ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 дена од денот на приемот на решението (04.12.2015 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво СТРЕЕТ ФМ ДОО Скопје, емитуван на 21 јануари 2016 година, на регионално ниво, во Скопје, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 12 од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***